ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:09 – 56/3**

**Дата: 10.01.2011**

**ДО**

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ - СЕНИЌ" - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" – Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2003 година со оглед на тоа што голем број од препораките се имплементирани, односно 35% се спроведени, 15% делумно се спроведени и 50% не се спроведени.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" – Скопје е констатирано следното:

- Не е донесен план за прием на студенти и се врши дополнително вселување надвор од конечната листа на студенти утврдена од комисијата при МОН за кои не е утврдено дека ги исполнуваат условите за прием (точка 4.1.1);
- Во државниот студентски дом `сеуште се врши вселување на значителен број на ученици без примена на одредена постапка и критериуми за прием и сместување (точка 4.1.2);

- Не е извршено усогласување на состојбите во деловните книги на ден 31. декември 2009 година со официјалните финансиски извештаи доставени до надлежните институции за 3.663 илјади денари ( точка 4.2.1);
- Во деловните книги на Домот не се евидентирани побарувања од студентите и учениците за износ од 6.906 илјади денари и обврски спрема добавувачите за износ од 3.214 илјади денари (точка 4.2.2 и 4.2.6)
- Не се донесени акти за начинот на вреднување на материјалите и ситниот инвентар и не се врши евидентирање на деловните промени на залихите во материјалното и финансовото сметководство врз основа на уредна и комплетна документација (точка 4.2.4);
- Не се применува норматив за подготовка на јадења по единица производ и не е обезбедена евиденција на произведените и продадени готови производи преку мензата за студенти и ученици, поради што не можевме да се увериме во точноста и целосноста на трошоците на производството и приходите од продадени производи и стоки (точка 4.2.5 );
- Во деловните книги на Домот не е евидентирано новонабавено возило од 2008 година во износ од 1.302 илјади денари и видеоопрема во 2009 во износ од 249 илјади денари и истите се користат нерационално и ненаменски. (точка 4.2.7 и 4.2.8);
- Исплатени се средства по различни основи во износ од 1.633 илјади денари за кои не постои веродостојна документација која ќе го потврди основот на исплатата на средствата (точка 4.2.9)

Со цел подобрување на состојбата во Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" – Скопје ревизијата дава препораки во однос на почитување на критериумите на постојните акти за прием и сместување на студентите и преземање активности за функционирање на Домот само како студентски дом. Во деловните книги редовно и навремено да се евидентираат побарувањата од студентите и обврските према добавувачите, а при исплатата на средствата да се придржуваат кон законските прописи за наменско користење на истите. Да се воведе евиденција за производството и готовите производи, а издавањето на материјалите да се врши согласно донесен норматив.

Обрнуваме внимание дека во ДСД „Томе Стефановски - Сениќ" – Скопје, `сеуште престојуваат 55 внатрешно раселени лица кои го имаат изгубено ваквиот статус. За овие лица се прават трошоци на терет на Домот односно државата за сметка на помалку сместувања на ученици и студенти од 150 легла.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје (во понатамошниот текст ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје) - сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2003 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Рамазан Шаќири – директор од 27.02.2008 година до 07.12.2009 година,
- Д-р Исмаил Абази, ВД директор од 07.12.2009 година до 17.04.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не ги донел актите за начинот на вреднување на материјалите и ситниот инвентар, не се евидентирани промени на движење на залихите во материјалното и финансовото сметководство врз основа на уредна и комплетна документација, не се евидентирани побарувања од студентите и

учениците и обврски од добавувачите и извршени се ненаменски исплати по различни основи, кои се одразуваат на вистинитоста и објективноста на податоците во финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2010 до 29.10.2010 година кај ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во овој извештај.

Од вкупно 10 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2003 година, од страна на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје спроведени се 9 препораки, 4 препораки се делумно спроведени и 13 препораки не се спроведени (Табела бр.1). Наведеното укажува дека во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје е направен задоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје треба да продолжи да ги имплементира и останатите препораки во дадените рокови.

**Табела бр.1. Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата**

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2003** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 9 | 35% |
| Делумно спроведени | 4 | 15% |
| Неспроведени | 13 | 50% |
| **Вкупно** | **26** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 22.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-153/6 од 22.11.2010 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 УО на ДСД „Т.С. - Сениќ" - Скопје нема донесено план за прием на студенти за учебната 2008/09 и 2009/10 година што не е во согласност со член 39 став 1 ал. 6 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Сместувањето во студентскиот дом во месец септември и октомври за учебната 2008/09 и 2009/10 година е извршено по конечната ранг листа, утврдена од комисија при МОН и објавена на интернет. Покрај овие студенти, вселени се и лица примени со потпис од претседателот на ССУКМ (Сојуз на студенти при УКИМ) за кои не е утврдено дека ги исполнуваат условите за прием согласно Правилникот. На ваков начин, со потпис од претседателот на ССУКМ, во учебната 2008/09 година примени се 49 лица, а во учебната 2009/10 примени се 64 лица.

Ваквиот начин на вселување на студенти не е во согласност со член 18 и 23 од Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државниот студентски дом и Законот, и има за последица вселување на студенти - лица по субјективно одлучување без почитување на правилата за рангирање и доведување во нерамноправна положба на останатите студенти кои побарале сместување.

**Препорака**

УО секоја учебна година да донесува план за прием на студенти во студентскиот дом, а директорот на ДСД да го извести МОН за нерегуларноста на приемот и да побара одговорност за ваквата состојба.

4.1.2 И покрај тоа што ДСД „Т.С. - Сениќ" - Скопје е државен студентски дом, со извршената трансформација од 2005 година, истиот во изминатите години

`сеуште сместува и ученици, за кои МОН е запознаено и известено. Во конкурсот за 2009/10 година за прием на ученици во јавните ученички домови ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје не е во списокот, меѓутоа МОН има доставено барање до Домот за добивање на табела со податоци за секој ученик кој конкурирал до Домот – прелиминарна листа од 179 ученици со податоци за секој ученик. Оваа листа ја изготвува Домот на база на доставените документи од страна на учениците, при што не се знае колкав број на ученици се пријавиле и како е извршен изборот односно дали се применети критериумите наведени во Правилникот. Прелиминарната листа е доставена до МОН и на истата, со исклучок на едно лице, добиена е согласност од МОН за 178 ученика, со издадено решение од септември 2009 година за исполнетост на условите за прием на ученици во јавните ученички домови за учебната 2009/10 година.

Ваква постапка и согласност со решение за учебната 2008/09 година не е добиена од МОН, иако во текот на годината државата преку МОН и Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард, одобрувала средства за партиципација на учениците, со што и го одобрувала приемот на учениците. ДСД Сениќ не е јавен ученички дом поради што истиот не треба да сместува ученици. Студентите и учениците имаат различни потреби што произлегуваат од возраста и степенот на образование.

**Препорака**

МОН како надлежно министерство во наредниот период треба да преземе активности за функционирање на Домот само како студентски дом, а не и ученички.

4.1.3 Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје, за учебната 2008/09 и за учебната 2009/10 година нема изготвено и доставено на УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на извршена анализа на податоците за реалните трошоци во Домот, што не е во согласност со член 37 став 1 и член 39 став 1 ал. 7 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард и чл. 50 и 51 од Статутот. УО на ДСД е должен предлог цените по нивно усвојување да ги достави до МОН, а според член 37 став 1 од Законот, МОН е должно да ги извести и да донесе акт – решение за утврдување на цената земајќи го предвид предлогот на УО. Ваквиот начин на работење може да има влијание на висината на остварениот приход од студентите.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје, да изготвува и доставува до УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на реални трошоци, а по нивното усвојување да бидат доставени на разгледување до МОН.

4.1.4 Наодите кои се изнесени во точка 4.2.3 од Извештајот за сметката на основен буџет- 603, во врска со ангажирање на фирма за водење на сметководствено-финансиски работи во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787.

4.1.5 Наодите кои се изнесени во точка 4.2.5. од Извештајот за сметката на основен буџет-603, а се однесуваат на нецелосно извршениот попис на материјалните средства, залихите, побарувањата и обврските, и непотполните и неточни пописни листи, поради што ревизијата неможеше да ги потврди состојбите во деловните книги за двете сметки, се однесуваат и за сметката на буџетот од самофинансирачки активности - 787.

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1 Наодите кои се изнесени во точка 4.3.1 од Извештајот за сметката на основен буџет- 603, во врска со неводење на деловните книги на начин пропишан во Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787. Разликата која што е утврдена во активата и пасивата во Билансот на состојба во однос на деловните книги кај оваа сметка за 2008 година изнесува 2.130 илјади денари, а за 2009 година изнесува 3.663 илјади денари. Утврдени се поединечни разлики во искажаните средства (тековни и постојани) и обврските и изворите на средства, како и поединечни разлики во искажувањето на приходите и расходите по одделни групи на конта за двете години (2008 и 2009).

**Биланс на состојба**

4.2.2 На позицијата Побарувања во Билансот на состојба со 31.12.2009 година не е искажана вредност, а во деловните книги е искажано минусно салдо од 4.560 илјади денари, поради следното:

- Во деловните книги не се спроведени книжења на побарувања од учениците и студентите сместени во домот според месечни списоци за сместување и исхрана за седум месеци од 2009 година, во вкупен износ од 6.906 илјади денари.
- Врз основа на помошната евиденција се утврди дека не се искажани побарувања од студенти и ученици кои должат во вкупен износ од 397 илјади денари, од кои `сеуште остануваат ненаплатени побарувања од минати години како стар долг во износ од 219 илјади денари, за кои не се поднесени тужби пред надлежен суд.
- Евидентирани се ненаплатени побарувања од физички и правни лица од минати години во вкупен износ од 878 илјади денари, за кои не е добиен документ по кој основ се фактурирани и за кои не е преземена мерка за наплата.
- За побарувањата од правни и физички лица не се води книга на излезни фактури.
- Според спецификацијата на побарувањата евидентирани се ненаплатени побарувања од 352 илјади денари и претплати во износ од 178 илјади денари, кои состојби неможат да се потврдат од кога потекнуваат и по кој основ се настанати поради неможност од увид во сметководствената евиденција за минати години.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 6 до 12 од Законот за сметководство и има за резултат нереално и необјективно искажана вредност на побарувањата во деловните книги и финансиските извештаи. Ненавременото поднесување на тужби за наплата по судски пат може да доведе до застарување на долгот согласно член 360 од Законот за облигационите односи, а ефектот е ненаплатен приход на јавната установа од вршењето на дејност од јавен интерес.

**Препораки:**

- Одговорните лица за финансии и сметководство редовно и навремено да ги евидентираат пресметаните и наплатените побарувања од студентите по основ на сместување и исхрана во деловните книги (финансово сметководство) врз основа на претходна проверка и контрола во помошната евиденција и нивно усогласување.
- Одговорните лица за финансии и сметководство да воведат книга на излезни фактури.

- Одговорните лица за наплата на побарувањата редовно и навремено да подготвуваат и доставуваат доказен материјал за побарувањата кои не се наплатени во законскиот рок, со цел навремено поднесување тужба до надлежниот суд.

4.2.3 Со ревизијата на паричните средства во благајната се констатирани следните неправилности:

- Благајничките извештаи се потпишани само од благајникот и не се проверени и контролирани од друго независно и одговорно лице во Домот.
- За уплатите и исплатите на средства се изготвуваат документи (каса прими и каса исплати) во еден примерок, наместо во 3, со што ќе се обезбеди потврда за веродостојноста на исплатата, односно уплатата на готовина.
- Сметководствените документи приложени кон благајничкиот извештај не се потпишани од одговорниот сметководител и не се контролирани од овластено лице (ликвидатор).

Согласно наведеното, кај субјектот не е обезбеден систем на внатрешна контрола со располагањето на готовината, не е извршено разграничување на одговорноста и обезбедена евиденција за прометот на парите, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници поради што постои ризик од ненаменско користење на паричните средства.

**Препорака**

Одговорните лица за финансии и сметководство да обезбедат евидентирање на финансиските трансакции преку благајните врз основа на уредна и комплетна документација и контрола на работењето со паричните средства.

4.2.4 Во деловните книги и финансиските извештаи нереално е искажана вредноста на залихите во износ од 10.163 илјади денари, поради следното:

- Домот нема донесено одлука за начинот на вреднување на залихите на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба, како и одлука за начинот на отпис на ситниот инвентар во употреба.
- Нема донесено Правилник за кало и растур, иако според видот на материјалите, во најголем дел се работи за прехрамбени производи за подготовка на јадења.

- Во текот на 2009 година во деловните книги евидентиран е само влез на примени материјали, а не е евидентиран излез односно не се книжени требовањата за издадени материјали од магацините.
- Во Домот постои компјутерски програм за водење на материјално книговодство, меѓутоа деловните промени (влез и излез) кај материјалите не се евидентираат уредно и ажурно, не се врши усогласување на материјалното со финансовото сметководство и не се врши попис согласно законските прописи.
- Приемниците, влезните калкулации и требовањата односно рачните налози за издавање на храна не се формално-правно исправни односно не ги содржат сите потребни податоци и дел од нив не се потпишани од лицата задолжени за прием и издавање на материјалите.
- Не се почитува начинот на прием и издавање на материјалите и ситниот инвентар, согласно известувањата од директорот од месец февруари 2009 година, со кои е определено комисиски да се врши приемот и издавањето на одделни материјали и ситен инвентар.
- Нема извршено разграничување на потрошените прехрамбени производи за студенти и ученици од потрошените производи за обавување на споредната дејност (угостителски услуги на надворешни лица).

Неводењето на материјалното книговодство, неусогласеноста на евиденциите и неуредната и некомплетна документација не е во согласност со член 6 до 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што постои ризик од несовесно и незаконско работење од лицата задолжени за ракување со залихите.

**Препорака**

Одговорните лица во Домот да ги донесат актите поврзани со начинот на водење на залихите, да обезбедат евидентирање на деловните промени на залихите во материјалното и финансовото сметководство врз основа на уредна и комплетна документација, да извршат сведување на залихите на фактичката состојба со попис и да воведат систем на контрола во работењето со материјалите.

4.2.5 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на издадените количини на прехрамбени артикли и количината на произведени и продадени готови производи во мензата поради следното:

- Во деловните книги не се спроведени соодветни книжења за процесот на производство и подготовка на храна во производните места, односно

издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат преку производство и готови производи на соодветните сметки, што не е во согласност со член 40 и 41 од Правилникот за содржината на контата во контниот план за буџетските корисници и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

- Задолжувањето и раздолжувањето на студентскиот ресторан, се врши само материјално, врз основа на требуваните продукти, при што требовањата не се изготвени на база на дневно мени и според норматив за подготовка на јадења. Не се врши вредносно задолжување и раздолжување врз основа на изработени калкулации за вкупно приготвена и издадена, односно продадена храна.

Поради неприменување на нормативот на јадења во кој се содржани потребните артикли за подготовка на единица производ, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на издадените материјали за производство на готовите производи, а со тоа и во количината на произведени и продадени готови производи. Ваквата состојба има влијание на реалноста и објективноста на прикажаните залихи на материјали и готовите производи.

**Препорака**

Одговорните лица за финансии и сметководство да воведат сметководствена евиденција за производството на јадења и готовите производи, а издавањето на материјали да се врши согласно норматив како основа за потрошените суровини и материјали и утврдување на бројот на произведените готови производи.

4.2.6 Во деловните книги состојбата на обврските према добавувачите во земјата на 31.12.2009 година изнесува 18.110 илјади денари, како разлика на неизмирени обврски во износ од 20.279 илјади денари и платени средства за неевидентирани обврски во износ од 2.169 илјади денари. Со примена на алтернативни постапки (конфирмирање со добавувачи) и увид во примените фактури заведени во архивата на Домот, ревизијата констатира дека во деловните книги не се евидентирани обврски по фактури за набавени материјали, ситен инвентар, опрема и извршени услуги од добавувачи во вкупен износ од 3.214 илјади денари. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 6 до 12 од Законот за сметководството и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите во деловните книги и билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица за финансии и сметководство навремено и ажурно да ги евидентираат обврските према добавувачите во деловните книги и финансиските извештаи.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.7 Во 2008 година набавено е патничко возило Ситроен Ц-4 Пикасо, по договор од 29.05.2008 година, со набавна вредност од 21.067 евра, односно 1.302 илјади денари денарска противвредност, за што е склучен договор за лизинг, за период од 11.07.2008 до 11.06.2014 година. Возилото не е евидентирано во деловните книги на Домот согласно член 6-12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, а плаќањето се врши од оваа сметка според ануитетниот план, по 19 илјади денари месечно. Набавката е внесена во планот за јавни набавки за 2008 година кој е усвоен со одлука од УО, а се обезбедени средства во висина од 1.230 илјади денари. Вкупната вредност на возилото до денот на отплатата изнесува 1.656 илјади денари со камата, што укажува на фактот дека за 426 илјади денари не се обезбедени средства согласно член 26 и 28 од Законот за јавни набавки

Од страна на ревизијата по пат на алтернативна постапка е направена анализа за функционалното користење на возилото при што е утврдено дека во 2009 година се поминати 30.000 км. за што се потрошени 2.603 литри гориво. Домот нема обезбедено евиденција на патни налози за користење на возилото поради што не е познато на која релација и за какви потреби е возено. Ваквата состојба дава можност за негово нефункционално користење надвор од потребите за вршење на дејноста на Домот.

**Препорака**

Одговорниот сметководител да го евидентира набавеното возило во деловните книги на Домот, а надлежните институции за контрола на наменското трошење на средства кај ДСД „Т.С. – Сениќ“ - Скопје, (МОН и МФ) да преземат соодветни мерки за утврдување на одговорноста при користењето на возилото.

4.2.8 Во ноември 2009 година извршена е набавка на дигитални камери за видеонадзор со намена за контрола на вработените во кујната, во износ од 249 илјади денари. Видео надзорот не е евидентирано во деловните книги на Домот, на зголемување на вредноста на основните средства и државниот

капитал што не е во согласност со член 6 и 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект необјективно и нереално прикажување на состојбите во деловните книги и билансните позиции во финансиските извештаи. Системот функционирал само две недели односно до назначувањето на новиот директор, до 18.12.2009 година, кој ги исклучил камерите поставени во кујната и во ходникот кај магацинот. Фактурата `сеуште не е платена иако според валутата рокот на плаќање е 11.12.2009 година. Ваквиот начин на работење доведува до непостоење на контролен систем за надзор над вработените при извршувањето на нивните работни задачи, а доколку фактурата не се плати ќе се создадат услови за тужба од добавувачот која ќе предизвика дополнителни трошоци.

**Препорака**
Одговорните лица за финансии и сметководство да го евидентираат набавениот видео надзор во деловните книги и истиот да се стави во повторна функција за контрола и надзор над работата на вработените во кујната и магацинот.

4.2.9 Ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 1.633 илјади денари, по основ на:

- Исплатени средства за градежно-занатски работи (молерофарбарски, реновирање на купатила, поправка на излупени и оштетени површини, фарбање на радијатори, цевки и столарија) во вкупен износ од 602 илјади денари, за кои не е извршен стручен надзор на извршените работи и не е приложена комплетна и веродостојна документација за потврда на истите.
- Исплатени средства за патувања во земјата и странство во износ од 162 илјади денари по патни налози кои не се заведени архивски, немаат потписи од одговорните лица и од ликвидаторот, немаат прилог доказ за времето на поаѓање и враќање од службен пат и за кои субјектот не води книга на патни налози.
- Исплатени средства по сметки од користење на услуги за мобилна телефонија, во износ од 565 илјади денари, без донесен интерен акт за регулирање и лимитирање на правото на користење на услугите за мобилна телефонија. Не се донесени одлуки-решенија за лицата кои може да користат службен мобилен телефон со ограничување на износот на сметката, што не е во согласност со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на сметката.

- Исплатени средства по сметки за гориво во износ од 204 илјади денари при користење на службените возила за кои не се изготвуваат патни налози со податоци за лицето кое го користи возилото, релацијата и потребата од користење на истото поради што ревизијата неможеше да се увери дали трошоците за гориво се направени за службени или приватни цели.
- Исплатени средства од ставката за репрезентација во износ од 100 илјади денари, без пропратна документација (испратница, приемница) за печатење на рекламен материјал и изработка на флаери поради што ревизијата неможеше да ја потврди фактурираната количина.

Необезбедувањето на веродостојна документација со која ќе се потврдат исплатените средства по горе наведените основи не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37-в од Законот за буџетите, што создава ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препораки:**

- Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да врши исплата на обврски према добавувачите врз основа на уредни, комплетни и веродостојни сметководствени документи.
- Одговорните лица во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да воведат книга на патни налози, а исплатата на дневници и други споредни трошоци при патувањата во земјата и странство да се врши врз основа на уредна и комплетна документација во прилог на патните налози.
- Одговорните лица во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да донесат интерен акт со кој ќе се регулира и лимитира правото на користење на службен мобилен телефон согласно Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на сметката.
- Одговорните лица во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да воведат книга на патни налози за користење на службени возила преку кои, со доставата на сметките за гориво, да се врши контрола на потрошокот на гориво.

4.2.10 Наодите кои се изнесени во точка 4.3.8. од Извештајот за сметката на основен буџет-603, во врска со извршени плаќања по судски решенија заради ненавремено плаќање на обврските кон добавувачите, се однесуваат и за сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787, а вредноста на платените обврски по овој основ изнесува 3.779 илјади денари.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

### Исплатени средства по различни основи

4.3.1 Со ревизијата се утврдени ненаменски исплатени средства во вкупен износ од 361 илјада денари што не е во согласност со член 37-в од Законот за буџетите, а се однесуваат на:

- Исплатени дневници за службени патувања во странство над износот утврден со Решението за утврдување на највисоки износи на дневници за службени патувања во странство, во износ од 25 илјади денари, што не е во согласност со чл. 10 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство.
- Исплатени средства за сметководствени услуги во износ од 59 илјади денари за период ид 01-03 месец 2009 година пред склучување на договорот со носителот на услугата од 30.03.2009 година.
- Исплатени средства за адвокатски услуги во вкупен износ од 135 илјади денари, во вид на месечен паушален износ што не е во согласност со склучениот договор според кој адвокатот се ангажира и плаќа за определен предмет.
- Набавени производи: месо и производи од месо во износ од 142 илјади денари во декември 2009 година од средствата на Домот кои се поделени и дадени на вработените.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје при исплатата на средствата да се придржуваат кон барањата за извршување на расходите согласно Законот.

### Јавни набавки

4.3.2 Наодите кои се изнесени во точките 4.4.3, 4.4.4, 4.4.5 и 4.4.6 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со утврдените констатации за поединечни неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки, неназначувањето на лице кое треба да ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки и утврдените поединечни случаи на извршени набавки на прехрамбени артикли кои не се договорени или по цени над договорените во понудата, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787 имаќи предвид дека обврските по склучените договори се плаќаат и од оваа сметка.

## 5. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.1, 4.2 и 4.3. кои се однесуваат на недонесени акти за начинот на вреднување на материјалите и ситниот инвентар, неевидентирани деловни промени (влез и излез) на залихите во материјалното и финансовото сметководство врз основа на уредна и комплетна документација, неевидентирани побарувања од студентите и учениците и неевидентирани обврски, необезбедена евиденција за производство на храна и готови производи и ненаменски исплати по различни основи, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.2 од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ДСД "Т.С.-Сениќ" - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1, 4.2. и 4.3. од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:

- Во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје `сеуште престојуваат внатрешно раселени лица (вкупно 55 лица според списокот од Домот) кои го имаат изгубеноваквиот статус согласно известувањето од Министерството за труд и социјална политика од 14.04.2005 година. Овие лица имале обврска да го напуштат

Домот, а доколку истите самоволно не го сторат тоа, тогаш Домот бил должен да ги преземе сите активности за нивно иселување бидејќи истите бесправно престојуваат и се на товар на Домот и државата. И покрај ваквото известување, од страна на ДСД Сениќ не се преземени мерки за принудно иселување, а сеуште се врши фактурирање и наплата од МТСП по договорот за сместување раселени лица, од 2001 година и анекс договор од 2004 година. На терет на Домот односно државата за внатрешно раселените лица се трошат средства за исхрана, комунални услуги (потрошена ел енергија, вода, телефон, и др), како и одржување на објектот, за сметка на помалку остварени приходи од сместувања на ученици и студенти за 150 легла во Домот.

- Со Одлука за решавање на стамбени прашања, заведена под бр 02-3 од 30.12.1995 година, одобрени се станбени кредити во 1996 и 1997 година, на три вработени лица во домот во вкупен износ од 3.347 илјади денари, со отплата на 30 години односно 15 години и месечна каматна стапка од 4% на годишно ниво. Во 2000 година извршено е намалување на каматната стапка од 4% на 1%, меѓутоа одлука од УО не е презентирана на увид поради што постои сомневање од можноста за непостоење на ваква одлука. Пресметката на ануитетите за отплата на кредитите во амортизациони планови по лица е направена од Инвест банка, АД Скопје.

Врз основа на член 39 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард и член 30 од Статутот, УО на седница на ден 27.05.2010 година донел Одлука, бр 02-315/7 од 7.06.2010 година, со која се врши измена на одлуката од 1995 година и се задолжуваат лицата - корисници на станбен кредит, да засноваат хипотека во јавните книги во корист на Домот, од прв ред, како обезбедување на побарувањето за главен долг и камата со состојба 01.05.2010 година во вкупен износ од 4.061 илјади денари, за што ќе склучат хипотекарен договор. По донесената одлука од УО до денот на ревизијата не се преземени конкретни активности односно `сеуште не се ставени под хипотека становите како залог и гаранција за обезбедување и наплата на станбениот кредит до завршувањето на отплатата.

Скопје, 29.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 20.465 | 21.334 |
| **Вкупно приходи** | **20.465** | **21.334** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2.676 | 3.942 |
| Стоки и услуги | 15.483 | 14.748 |
| Каматни плаќања | 450 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **18.609** | **18.690** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 544 | 1.175 |
| **Вкупно капитални расходи** | **544** | **1.175** |
| **Вкупно расходи** | **19.153** | **19.865** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.312** | **1.469** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 0 | 188 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1.312** | **1.281** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 1.312 | 1.692 |
| Обврски за данок на добивка | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **1.312** | **1.692** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.327 | 2.096 |
| Побарувања | 0 | 1.960 |
| Побарувања од вработените | 0 | 15 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 55 |
| Активни временски разграничувања | 20.293 | 18.237 |
| Залихи | 10.163 | 1.113 |
| **Вкупно тековни средства** | **31.783** | **23.476** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 2.147 | 2.289 |
| **Вкупно постојани средства** | **2.147** | **2.289** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **33.930** | **25.765** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 20.293 | 16.931 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 0 | 126 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 269 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.062 | 1.096 |
| Пасивни временски разграничувања | 2.412 | 3.979 |
| **Вкупно тековни обврски** | **23.767** | **22.401** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 10.163 | 3.364 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **10.163** | **3.364** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **33.930** | **25.765** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **2.251** | **1.113** | **3.364** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **113** | **9.050** | **9.163** |
| Набавки | 113 | 9.050 | **9.163** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.364** | - | **2.364** |
| Отпис на капитални средства | - | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 2.364 | | **2.364** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **-** | **10.163** | **10.163** |